

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН**

Во 1977 година Деновите на културата на СФРЈ во Италија се одржаа како комплексна југословенска културна манифестација, со која беше презентирано современото културно творештво и културната традиција на СФРЈ пред италијанската публика. СР Македонија зеде учество во оваа манифестација на тој начин што акциите што беа планирани за македонските Денови во чест на свети Кирил, беа приклучени кон „Месецот на југословенската култура", што се одржа од 21 април до крајот на мај истата година. На тој начин чествувањето на сесловенските просветители прерасна во општојугословенска манифестација.

Во програмата на Месецот на културата на СФРЈ, СР Македонија беше застапена со

следните содржини: по еден концерт во Рим, во областа Лацио и во Неапол одржа Камерниот хор на Радио Телевизија Скопје, а од македонските филмови беа прикажани „*Црносеме"* на Кирил Ценевски и кусометражните филмови *„Оган"* од Столе Попов и „*Стоп"* од Дарко Марковиќ.  Музејот на современата уметност од Скопје, пак, беше организатор на изложбата за современата југословенска карикатура, а проф. д-р Ѓорѓи Старделов учествуваше во дискусијата за самоуправувањето во културата.

Овогодишната културна делегација на СР Македонија ја предводеше г. Љупчо Копровски, републички секретар за образование и наука, а делегацијата на Македонската православна црква ја предводеше митрополитот американско-канадско-австралиски г. Кирил, со членовите

протојерејот Богољуб Димитриевски, парох при црквата „*Свети Ѓорѓи"* од Чаир, Скопје и протоѓаконот Александар Цандовски, секретар на Скопската митрополија, како и хорот на црквата „*Свети Кирил и Методиј"* од Тетово.

Молебенот во базиликата „*Свети Климент Римски"* се одржа на Денот на светите браќа, токму во 12 часот, на кој членовите на делегацијата на СР Македонија положи венец на гробот на свети Кирил. Таму се наоѓаа двата хора од Скопје, членовите на двете југословенски амбасади во Рим со амбасадорите г. Зденко Свете, при Светата столица и д-р Борислав Јовиќ, при Република Италија, членови на ватикански институции и околу 150 поклоници од Македонија, кои дојдоа да се помолат пред гробот на просветителот и учителот свети Кирили Солунски.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**